# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 97 Год. LXIV Петок, 1 август 2008 Цена на овој број е 120 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1843. | **Одлука** за верификација на мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.................................. | 2 |
| 1844. | **Одлука** за верификација на мандатот на пратеник во Собранието на Република Македонија.................................. | 2 |
| 1845. | **Одлука** за именување на заменици министри.............................................. | 2 |
| 1846. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за стапките, основиците и придонесите за задолжителното здравствено осигурување................ | 3 |
| 1847. | **Одлука** за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година.................................... | 3 |
| 1848. | **Одлука** за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година........... | 3 |
| 1849. | **Одлука** за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година.......................................... | 4 |
| 1850. | **Одлука** за стапката на придонесот за вработување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година................ | 5 |
| 1851. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија............... | 5 |
| 1852. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците....................... | 6 |
| 1853. | **Одлука** за формирање на Национален совет за информатичко општество........... | 7 |
| 1854. | **Одлука** за давање на трајно користење на движни ствари............................ | 10 |
| 1855. | **Одлука** за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика..... | 11 |
| 1856. | **Одлука** за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за здравство................................. | 13 |
| 1857. | **Програма** за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2008 година.......................................... | 14 |
| 1858. | **Програма** за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2008 година.......................................... | 16 |
| 1859. | **Упатство** за измени и дополнувања на Упатството за доставување податоци за извршени активности во платниот промет........................................ | 19 |
| 1860. | **Решение** за давање одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда... | 19 |
| 1861. | **Објава** за движењето на цените на мало во Република Македонија за месец јули 2008 година........................... | 19 |
| | **Огласен дел**......................................... | 1-28 |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1843.**

Врз основа на член 63 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 153 од Изборниот законик (“Службен весник на Република Македонија” број 40/2006), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Се верифицира мандатот на пратеникот
- ХРИСТИНА РУНЧЕВА.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3307/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1844.**

Врз основа на член 63 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 153 од Изборниот законик (“Службен весник на Република Македонија” број 40/2006), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ НА ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Се верифицира мандатот на пратеникот
- ВУЛНЕТ АМЕТИ.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3350/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1845.**

Врз основа на член 48 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен весник на Република Македонија” број 58/2000, 44/2002 и 82/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЗАМЕНИЦИ МИНИСТРИ

1. За заменици на министри во соодветните министерства се именувани:

- ЕМИЛ ДИМИТРИЕВ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана,
- ЏЕВАД БУЧИ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи,
- ИБРАХИМИ ИБРАХИМ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда,
- ЗОРАН ПЕТРОВ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за надворешни работи,
- НЕДИМ РАМИЗИ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии,
- МЕТОДИЈ ХАЏИ-ВАСКОВ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија,
- ХРИСТИЈАН ДЕЛЕВ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- ВЛАДИМИР ПОПОВСКИ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство,
- ЛИНДИТА ЌАЗИМИ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука,
- СПИРО РИСТОВСКИ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика,
- ФАРУК ФЕРАТОСКИ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа,
- ДРАГАН НЕДЕЉКОВИЌ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура,
- МИРЈАНА СЕКУЛОВСКА, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за информатичко општество,
- ЉУПЧО ДИМОВСКИ, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски и
- СОЊА ЛЕПИТКОВА, за заменик на министерот кој раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3308/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1846.**

Врз основа на член 46 од Законот за здравственото осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007 и 82/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ, ОСНОВИЦИТЕ И ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Одлуката за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжителното здравствено осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 4/2001 и 50/2001), во членот 2 став 1 зборовите: "во висина на 9,2%" се заменуваат со зборовите: "за 2008 година во висина на 9,2%". Точката на крајот од првиот став се заменува со запирка и се додаваат зборовите: "за 2009 година во висина од 7,5% од бруто платата и надоместокот на платата, за 2010 година во висина од 7,0% од бруто платата и надоместокот на платата и за 2011 година во висина од 6,0% од бруто платата и надоместокот на платата".

Член 2

Стапките на придонесот за задолжително здравствено осигурување утврдени во членот 1 на оваа одлука за 2009 година ќе се применуваат од 1 јануари 2009 година, за 2010 година ќе се применуваат од 1 јануари 2010 година и за 2011 година ќе се применуваат од 1 јануари 2011 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3319/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1847.**

Врз основа на член 174 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 101/2005, 70/2006 и 153/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ ОД 1 ЈАНУАРИ 2009 ГОДИНА ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА**

Член 1

Стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на обврзниците на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање - индивидуален земјоделец од:

- 1 јануари 2009 година се утврдува на 18,50%.
- 1 јануари 2010 година се утврдува на 16,06% и
- 1 јануари 2011 година се утврдува на 14,63%.

Член 2

Стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на обврзниците на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање - индивидуален земјоделец за 2009 година, ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Стапката на придонесот за пензиско и инвалидското осигурување на обврзниците на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање - индивидуален земјоделец за 2010 година, ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

Стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на обврзниците на данок од приход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање - индивидуален земјоделец за 2011 година, ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3316/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1848.**

Врз основа на член 174 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 101/2005, 70/2006 и 153/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ПЛАТИ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 2009 ГОДИНА ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА**

Член 1

Стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 2009 година се утврдува на 19%, од 1 јануари 2010 година се утврдува на 16,5% и од 1 јануари 2011 година се утврдува на 15%.

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување претставува бруто платата на вработените, во која е содржан персоналниот данок на доход и стапките на придонесите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

Член 3

За осигурениците кои навремено не се пријавиле во пензиското и инвалидското осигурување или нецелосно и навремено не го плаќале придонесот, како основица на

осигурување за пресметување и плаќање на придонесот претставува платата или основицата на осигурување на денот на поднесувањето на барањето, односно на денот на намирувањето на придонесот, но не помалку од фактички исплатената плата за периодот за кои навремено или нецелосно не е платен придонесот и не може да изнесува помалку од основицата утврдена во членот 180 став 6 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 4

Стапката на придонесот за плати за пензиското и инвалидското осигурување за 2009 година ќе се применува од 1 јануари 2009 година. Стапката на придонесот за плати за пензиското и инвалидското осигурување за 2010 година ќе се применува од 1 јануари 2010 година. Стапката на придонесот за плати за пензиското и инвалидското осигурување за 2011 година ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3315/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1849.**

Врз основа на член 174 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 101/2005, 70/2006 и 153/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 2009 ГОДИНА ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2009 година, се утврдува по стапка од:

а) 9,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;

б) 7,92% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;

в) 6,33% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;

г) 4,75% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца и

д) 3,17% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца.

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2010 година, се утврдува по стапка од:

а) 8,25% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;

б) 6,88% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;

в) 5,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;

г) 4,13% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца и

д) 2,75% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца.

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2011 година, се утврдува по стапка од:

а) 7,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеца;

б) 6,25% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеца;

в) 5,00% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеца;

г) 3,75% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеца и

д) 2,50% за вршење на работи и задачи на кои ефективно поминати 12 месеца се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеца.

Член 2

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење се пресметува од бруто платата на вработените на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во која е содржан персоналниот данок на доход и стапките на придонесите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и на Агенцијата за вработување на Република Македонија, а се плаќа од доходот - добивката, односно од редовните средства за работа на обврзникот за уплата на придонес.

Член 3

Уплатата на придонесот по стапките од членот 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при исплата на платите.

Член 4

За обврзниците за плаќање на придонесот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за кои се утврдени правата и кои не го платиле дополнителниот

придонес, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за овој стаж претставува платата или основицата на осигурување и стапките на придонесот на денот на поднесувањето на барањето, односно на денот на намирувањето на придонесот, но не помалку од фактички исплатената плата за периодот за кој навремено или нецелосно не е платен придонесот и не може да изнесува помалку од основицата утврдена во членот 180 став 6 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Член 5

Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за 2009 година, ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за 2010 година, ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

Стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење за 2011 година, ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3317/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1850.**

Врз основа на член 95 став 2 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност (“Службен весник на Република Македонија” број 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006 и 29/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ОД 1 ЈАНУАРИ 2009 ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2011 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за вработување од:
- 1 јануари 2009 година се утврдува на 1,4%,
- 1 јануари 2010 година се утврдува на 1,2% и
- 1 јануари 2011 година се утврдува на 1,0%,

Член 2

Обврзници за плаќање на придонесот за вработување се:

1) работодавачот - (претпријатие и други правни лица кои вршат стопанска дејност, установи и други правни лица кои вршат дејност, на јавни служби, државни органи и единици на локалната самоуправа и други домашни и странски физички и правни лица кои вработуваат работници и

2) Армијата на Република Македонија за лицата на служба во постојаниот состав на Армијата (војници по договор, помлади офицери, офицери) и граѓански лица на служба во Армијата.

Член 3

Основица за пресметување и плаќање на придонесот за вработување претставува бруто платата во која се содржани придонесите и персоналниот данок што се плаќа од платата, односно основицата од која е пресметан надоместокот на плата.

Основицата не може да биде пониска од 65% од просечната месечна нето плата поединечно по работник во Републиката објавена во тековниот месец.

Член 4

Плаќањето на придонесот за вработување се врши за обврзниците од членот 2 точки 1 и 2 на оваа одлука при исплатата на платата и надоместокот на плата.

Член 5

Стапката на придонесот за вработување за 2009 година ќе се применува од 1 јануари 2009 година. Стапката на придонесот за вработување за 2010 година ќе се применува од 1 јануари 2010 година. Стапката на придонесот за вработување за 2011 година ќе се применува од 1 јануари 2011 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3318/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1851.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и членовите 118 став 5 и 119 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 91/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 96/2008), во точката I. во потточка 1. Комисија за уставни прашања, под в) за членови, во точката 6 зборовите: “Оливера Трајановска” се заменуваат со зборовите: “Саве Савевски”.

Под г) за заменици на членовите, во точката 3 зборовите: “Кенан Хасипи” се заменуваат со зборовите: “Крсто Мукоски”, а во точката 7 зборовите: “Нада Станчевска” се заменуваат со зборовите: “Владанка Авировиќ”.

Во потточка 4. Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците под б) за заменик на претседателот, зборовите: “Кенан Хасипи” се заменуваат со зборовите: “Оливер Деркоски”.

Под в) за членови, во точката 5 зборовите: “Саве Савевски” се заменуваат со зборовите: “Кенан Хасипи”.

Под г) за заменици на членовите, во точката 1 зборовите: “Оливер Деркоски” се заменуваат со зборовите: “ Ристо Стојанов”.

Во потточка 5. Комисија за надворешна политика под г) за заменици на членовите, во точката 6 зборовите: “Ванчо Коцев” се заменуваат со зборовите “Цена Матевска”.

Во потточка 6. Комисија за европски прашања под в) за членови, во точката 4 зборовите: “Александар Николоски” се заменуваат со зборовите: “Горан Петров”, а во точката 6 зборовите: “Крсто Мукоски” се заменуваат со зборовите: “Панче Дамески”.

Под г) за заменици на членовите, во точката 3 зборовите: “Панче Дамески” се заменуваат со зборовите: “Александар Николоски”.

Во потточка 7. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, под в) за членови, во точката 4 зборовите: “Панче Дамески” се заменуваат со зборовите: “Стојче Крстевски” и во точката 5 зборовите: “Цветко Грозданов” се заменуваат со зборовите: “Јован Гинев”.

Во потточка 8. Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање под г) за заменици на членовите, во точката 3 зборовите: “Силвана Бонева” се заменуваат со зборовите: “Стојче Крстевски”, а во точката 5 зборовите: “Анета Стефановска” се заменуваат со зборовите: “Кенан Хасипи”.

Во потточка 10. Комисија за финансирање и буџет под в) за членови, во точката 1 зборовите: “Оливер Деркоски” се заменуваат со зборовите: “Крсто Мукоски”, во точката 5 зборовите: “Ратко Димитровски” се заменуваат со зборовите: “Стојче Крстевски”, а во точката 6 зборовите: “Нада Станчевска” се заменуваат со зборовите: “Владанка Авировиќ”.

Под г) за заменици на членовите, во точката 1 зборовите: “Владанка Авировиќ” се заменуваат со зборовите: “Нада Станчевска”, а во точката 6 зборовите: “Катерина Димеска” се заменуваат со зборовите: “Оливер Деркоски”.

Во потточка 15. Комисија за култура под в) за членови, во точката 3 зборовите: “Анета Стефановска” се заменуваат со зборовите: “Цена Матевска”.

Под г) за заменици на членовите, во точката 4 зборовите: “Крсто Мукоски” се заменуваат со зборовите: “Анета Стефановска”.

Во потточка 16. Комисија за здравство под в) за членови, во точката 1 зборовите: “Кенан Хасипи” се заменуваат со зборовите: “Оливера Трајановска”.

Во потточка 17. Комисија за труд и социјална политика под б) за заменик на претседателот, зборовите: “Ратко Димитровски” се заменуваат со зборовите: “Ванчо Коцев”.

Под в) за членови, во точката 6 зборовите: “Владо Стефаноски” се заменуваат со зборовите: “Ратко Димитровски”.

Под г) за заменици на членовите, во точката 2 зборовите: “Ванчо Коцев” се заменуваат со зборовите: “Владо Стефаноски”.

Во потточка 18. Комисија за еднакви можности на жените и мажите под в) за членови, во точката 1 зборовите: “Владанка Авировиќ” се заменуваат со зборовите: “Нада Станчевска”.

Под г) за заменици на членовите, во точката 4 зборовите: “Владо Стефаноски” се заменуваат со зборовите: “Катерина Димеска”.

Во потточка 19. Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања под г) за заменици на членовите, во точката 4 зборовите: “Крсто Мукоски” се заменуваат со зборовите: “Стојче Крстевски”.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3348/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

---

**1852.**

Врз основа на член 78 став 3 од Уставот на Република Македонија и член 2 од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците (“Службен весник на Република Македонија” број 150/2007), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 1 август 2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

I. Во Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците (“Службен весник на Република Македонија” број 96/2008) во точката I. алинеја 1 во потточка 2 зборовите: “Горан Петров” се заменуваат со зборовите: “Владо Стефаноски”.

Во потточка 4 зборовите: “Васко Шутаров” се заменуваат со зборовите: “Анета Стефановска”.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-3349/1
1 август 2008 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1853.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, бр.12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/07 и 19/08), Владата на Република Македонија, на 8.07.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Национален совет за информатичко општество, како стручно и советодавно тело од областа на информатичкото општество и се уредуваат неговите работи и задачи, составот, како и начинот на неговото работење.

**Член 2**

Националниот совет за информатичко општество (во натамошниот текст: Национален совет) работи како форум за размена на идеи, искуства и информации од областа на информатичкото општество и медиумите и обезбедува координација и учество на сите чинители (јавниот, приватниот, граѓанскиот и академскиот сектор) во развојот на информатичкото општество и медиумите при што ги има следниве надлежности:

1. Поддршка на работата на Владата на Република Македонија во развојот на информатичкото општество и медиумите преку:
   - Доставување насоки, сугестии и препораки за одредени актуелни прашања од областа на информатичкото општество;
   - Доставување насоки, сугестии и препораки за промена или нови мерки во акционите планови на стратегии од областа на ИКТ претходно усвоени од Владата на Република Македонија;
   - Доставување насоки, сугестии и препораки за користење на средства за развој на информатичко општество; и
   - Доставување насоки, сугестии и препораки за развојот на процесот на дигитализацијата на електронските медиуми.
2. Координација и соработка со државни институции:
   - Доставување конкретни насоки, сугестии и препораки до државните институции за развој на електронските комуникации, информатичките технологии и медиуми и проектите поврзани со евроинтеграциите;
   - Подготовка на мислења, анализи и одговори во однос на одредени прашања поставени од институциите на системот и сите чинители, а се поврзани со развојот на информатичкото општество и медиумите;
   - Координација и соработка со институциите надлежни за имплементација на мерките од стратегиите и следење на имплементацијата на мерките од стратегиите, објавување извештаи за процесот, како и проактивно следење на политиката за ИКТ индикатори; и
   - Предлагање изработка на одредени студии, анализи кои произлегуваат од усвоените стратегии во насока на развојот на информатичкото општество и медиумите.

**Член 3**

Основни начела на работата на Националниот совет се:

1. Транспарентност при работењето;
2. Вклучување на сите чинители во развојот на информатичкото општество и медиумите;
3. Проактивност при имплементација на стратегии од областа на ИКТ претходно усвоени од Владата на Република Македонија;
4. Воспоставување постојана двонасочна комуникација меѓу сите чинители во развојот на информатичкото општество и медиумите.

**Член 4**

За работата на Националниот совет ќе се донесе Деловник за работа во кој ќе ги дефинира правилата и процедурите за работата на Националниот совет.

Деловникот за работа од став 1 на овој член ќе се донесе со двотретинско мнозинство од членовите на Националниот совет.

Со актот од став 1 на овој член ќе се дефинираат сите работни процеси и начинот на функционирање на Националниот совет и оперативниот технички тим, начинот на соработка и комуникација меѓу Националниот совет со Владата на Република Македонија, Секретаријатот за информатичко општество, оперативниот технички тим како и соработката и комуникацијата со други државни органи и институции.

Националниот совет ќе усвојува Годишен план за работа заснован на Акциониот план за имплементација на Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатички технологии, како и акционите планови од другите стратешки документи, претходно усвоени од Владата на Република Македонија.

Работата на Националниот совет ќе биде целосно поддржана од Секретаријатот за информатичко општество при Владата на Република Македонија.

**Член 5**

Сите документи кои ќе произлезат од работата на Националниот совет ќе бидат јавно достапни и веднаш објавени на интернет порталот на Националниот совет.

**Член 6**

Националниот совет е составен од 15 членови и тоа:

- Претседател
- Заменик претседател и
- 13 членови.

**Член 7**

За претседател на Националниот совет се именува министерот без ресор надлежен за развој на информатичкото општество м-р Иво Ивановски.

**Член 8**

Заменик-претседателот на Националниот совет ќе биде раководен државен службеник од областа на информатичкото општество и медиумите именуван од Владата на Република Македонија по предлог на министерот надлежен за развој на информатичко општество и министерот за транспорт и врски.

**Член 9**

Останатите членови на Националниот совет го сочинуваат:

- Два претставника на државните институции поврзани со развој на информатичкото општество, електронските комуникации и медиуми именувани од министерот надлежен за развој на информатичко општество и министерот за транспорт и врски по предлог на институциите;
- Четири претставника од бизнис секторот на Република Македонија именувани, по еден претставник, од Сојуз на стопански комори, Стопанска комора на Република Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Асоцијација на приватни електронски медиуми;
- Два претставника именувани од невладиниот сектор поврзани со развој на информатичкото општество и медиуми (еден претставник од областа на развој на информатичкото општетство, еден од областа на развој на медиумите);
- Два претставника од академскиот сектор именувани од Интеруниверзитетската конференција;

- Еден претставник од локалната самоуправа именуван од Заедницата на единиците на локалната самоуправа; и
- Два експерта кои со својата работа многу придонеле за развој на информатичкото општество именувани од министерот надлежен за развој на информатичко општество и министерот за транспорт и врски.

Работата во Националниот совет е на волонтерска основа.

**Член 10**

Секретаријатот за информатичко општество од член 4 став 5 ќе определи свои претставници кои ќе работат за потребите на Националниот совет, а еден од нив ќе биде одговорен/раководител за овој оперативен технички тим.

Постојани учесници во работата на оперативниот технички тим од став 1 на овој член ќе бидат и лица од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за електронски комуникации и Државниот завод за статистика.

Покрај постојаните учесници од став 2 на овој член, на барање на раководителот на оперативниот технички тим, во работата на оперативниот технички тим, можат да се вклучат и претставници од други државни органи и институции.

**Член 11**

Националниот совет по потреба може да формира експертски работни групи кои ќе ги вклучуваат сите засегнати и заинтересирани страни за решавање на одредени прашања поврзани со развојот на информатичкото општетство и медиуми.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-3085/1/1
8 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**1854.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ

### Член 1

Со оваа одлука од досегашниот корисник Министерството за финансии - Царинската управа се даваат на трајно користење движни ствари на Дирекцијата за радијациона сигурност и тоа:

| Ред. Број | Средство | Тип | Опис на производ | Количина (парче) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Персонален сметач | Fujitsu Siemens ESPRIMO P3500 i945G | Процесор -Pentium Dual Core E2160,<br>РАМ меморија - 512MB DDR2-667,<br>Хард диск- HDD SATA II 80GB 7.2k,<br>Меѓунардона софтверска поддршка - Country kit ESPRIMO (INT),<br>Тастатура -KB SC USB USA,<br>Оперативен систем -Win XP Prof (GB),<br>Ласерски глушец -Optical USB Wheel Mouse,<br>Монитор - Fujitsu Siemens SCENICVIEW A17-3 - 17" | 2 |
| 2 | Ласерски печатар | Hewlett Pacakrd 1018 | Брзина на печатење - 12 страници во минута,<br>Број на станици во еден месец - 3000 страници,<br>Фреквенција - 234MHz,<br>Меморија - RISC 2MB RAM,<br>Можност за мрежно поврзување - Network ready,<br>Мрежна картичка - Fast Ethernet, | 1 |

### Член 2

Директорот на Царинската управа склучува договор со директорот на Дирекцијата за радијациона сигурност, за правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3487/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**1855.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

### Член 1

Со оваа одлука од досегашниот корисник Министерството за финансии - Царинска управа, се даваат на трајно користење на Министерството за труд и социјална политика движни ствари– компјутерска опрема, и тоа: 47 компјутери со 44 тастатури и 47 монитори.

| Ред бр. | Компјутер сериски број | Компјутер Тип | Монитор марка/тип | Монитор сериски број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | SN:8104FR4Z01YF | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND573 |
| 2 | SN:8050FR4Z0J8K | PentiumIII/800MHz | IMPRESION DCM1458 | H79DCM-1458 |
| 3 | SN:8144FR4Z00V3 | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND696 |
| 4 | SN:8104FR4Z01ZX | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND741 |
| 5 | SN:8104FR4Z01YN | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND686 |
| 6 | SN:8144FR4Z00VC | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND585 |
| 7 | SN:8104FR4Z02PW | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND574 |
| 8 | SN:8144FR4Z00W6 | PentiumIII/800MHz | DELL 828FI | 22795C1MJZ |
| 9 | SN:8104FR4Z01V5 | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 041BB65NUL28 |
| 10 | SN:8104FR4Z01XX | PentiumIII/800MHz | DELL 828FI | 22795C1MHS |
| 11 | SN:8144FR4Z00WF | PentiumIII/800MHz | DELL 828FI | 22795C1MK8 |
| 12 | SN:8144FR4Z00WD | PentiumIII/800MHz | IBM 6332-07N | 66-XAH05 |
| 13 | SN:8104FR4Z01VZ | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND753 |
| 14 | SN:8144FR4Z00VZ | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND747 |
| 15 | SN:8050FR4Z0J8H | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND658 |
| 16 | SN:8104FR4Z01YR | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND660 |
| 17 | SN:8050FR4Z0J7P | PentiumIII/800MHz | IBM 6542-103 | 6619657 |
| 18 | SN:8104FR4Z01ZJ | PentiumIII/800MHz | IBM 2248-02 | 55-20973 |
| 19 | SN:8104FR4Z01ZX | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND695 |
| 20 | SN:8050FR4Z0J78 | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND645 |
| 21 | SN:8104FR4ZJ2PZ | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND415 |
| 22 | SN:8104FR4Z01XW | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND705 |
| 23 | SN:8042FR4ZT361 | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND376 |
| 24 | SN:8104FR4Z01WX | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND595 |
| 25 | SN:8104FR4Z01V8 | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND581 |
| 26 | SN:8104FR4Z02R0 | PentiumIII/800MHz | COMPAQ V570 | 142BM24GA914 |
| 27 | SN:8104FR4Z0XC | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND375 |
| 28 | SN:8104FR4Z01YK | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 046BB69NSC19 |
| 29 | SN:8144FR4Z00VW | PentiumIII/800MHz | IBM 6553-523 | AK8CPD15SF1 |
| 30 | SN:8104FR4Z01ZN | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND659 |
| 31 | SN:8050FR4Z0J6Y | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND558 |
| 32 | SN:KBDBZN8 (IBM) | PentiumIII/500MHz | IBM 6542-103 | 6616980 |
| 33 | SN:LV557A6VX (IBM) | PentiumIII/500MHz | DELL 828FI | 22795C1M91 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 34 | SN:557WF92 (IBM) | PentiumIII/500MHz | Compaq S510 | 104BB24ND614 |
| 35 | SN:8104FR4Z01XD | PentiumIII/800MHz | IBM 2248 | 55-13359 |
| 36 | SN:8050FR4Z0-- | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 046BB69NRJ34 |
| 37 | SN:8043FR4ZP033 | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND734 |
| 38 | SN:8104FR4Z01YW | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND576 |
| 39 | SN:8104FR4Z01XK | PentiumIII/800MHz | VIBRAN VM5IRD-E01 | C015VM5103763 |
| 40 | SN:8144FR4Z00VM | PentiumIII/800MHz | DELL 828FI | 2275C1MBH |
| 41 | SN:8104FR4Z01ZS | PentiumIII/800MHz | HP S7540 | CNC446247S |
| 42 | SN:8104FR4Z01XP | PentiumIII/800MHz | HP S7500 | MYA3500028 |
| 43 | SN:8050FR4Z0J7- | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND728 |
| 44 | SN:8104FR4Z01VG | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND389 |
| 45 | SN:8050FR4Z0J8R | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND616 |
| 46 | SN:8050FR4Z0J6W (неисправен) | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 104BB24ND661 |
| 47 | SN:8144FR4Z00V2 (неисправен) | PentiumIII/800MHz | Compaq S510 | 047BB69YQ44 |

### Член 2

Директорот на Царинската управа склучува договор со министерот за труд и социјална политика, за правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3641/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**1856.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.07. 2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО

### Член 1

Со оваа одлука од досегашниот корисник Министерството за финансии - Царинската управа, се даваат на трајно користење на Министерството за здравство движни ствари, и тоа: 20 компјутери, 20 тастатури, 20 монитори и 20 мауси.

| Ред. број | Компјутер сериски број | Компјутер Тип | Монитор марка/тип | Монитор сериски број |
|---|---|---|---|---|
| 1 | SN:8144FR4Z00VG | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND731 |
| 2 | SN:8104FR4Z01ZW | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND626 |
| 3 | SN:8104FR4Z01VN | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 046BB69NRJ55 |
| 4 | SN:8104FR4Z01Y0 | Pentium III / 800 MHz | Philips | 109338008610 |
| 5 | SN:8144FR4Z00VR | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND515 |
| 6 | SN:8043FR4Z0Y5 | Pentium III / 800 MHz | Compaq V500 | ------------- |
| 7 | SN:8104FR4Z01YL | Pentium III / 800 MHz | Dell 828FI | 22795C1MYT |
| 8 | SN:8104FR4Z02PL | Pentium III / 800 MHz | Compaq V570 | 142BM24GA920 |
| 9 | SN:2104FR4Z01WT | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 046BB69NRJ43 |
| 10 | SN:8104FR4Z01YS | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND717 |
| 11 | SN:8104FR4Z01VC | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND378 |
| 12 | SN:8104FR4Z01ZB | Pentium III / 800 MHz | Dell 828FI | 22795C1MXB |
| 13 | SN:8104FR4Z01V9 | Pentium III / 800 MHz | IBM 6542-103 | 6616920 |
| 14 | SN:8104FR4Z01XS | Pentium III / 800 MHz | IBM 6553-523 | 26-19673 |
| 15 | SN:8104FR4Z01Y5 | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND735 |
| 16 | SN:8104FR4Z01YH | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND383 |
| 17 | SN:8104FR4Z01ZR | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND750 |
| 18 | SN:8104FR4Z01YP | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND646 |
| 19 | SN:8104FR4Z0297 | Pentium III / 800 MHz | Compaq S510 | 104BB24ND611 |
| 20 | SN:8104FR4Z02RS | Pentium III / 800 MHz | Compaq V570 | 137BM23GA044 |

### Член 2

Директорот на Царинската управа склучува договор со министерот за здравство, за правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3644/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**1857.**

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/98; 40/03) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.160/07), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

**ПРОГРАМА
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2008 година е изготвена врз основа на обезбедените средства со Буџетот за 2008 година и согласно Законот за ученички и студентски стандард, Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2006-2010 и Програмата за работа на единките корисници на средства -студентските домови.

Финансирањето на студентските домови се врши согласно член 56 став 1 од Законот за ученичкиот и студентскиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.37/98; 40/03).

Сместување и исхрана на студенти во Република Македонија се остварува во девет студентски домови, како и во дел од сместувачките капацитети на ученичките домови. Во нив се сместени околу 5.550 студенти.

Сместувањето на студентите во студентските домови е организирано според Правилникот за сместување на студенти во државните студентски домови, Правилникот за работа и програмата на домовите.

Просечната цена за сместување и исхрана, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, месечно за еден студент изнесува околу 3.100 денари за учебната 2007/2008 година и 3.410 денари за учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година.

Во системот на стипендирање и кредитирање на студенти опфатени се:

- талентирани студенти со месечна стипендија од 3.300 денари за учебната 2007/2008 година и 3.630 денари за учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година;
- стипендии за најталентирани ИТ-студенти со месечна стипендија од 5.000 денари за учебната 2007/2008 година и 5.500 денари месечно за учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година;
- студентски кредити, во месечен износ од 2.000 денари за учебната 2007/2008 и 2.420 денари за учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година;
- стипендии-стари корисници, за студенти кои студираат на универзитетите надвор од Република Македонија и го оствариле правото на користење на стипендија од претходните години, за струки и дисциплини кои не биле застапени на нашите универзитети и тоа по 4.500 денари за учебната 2007/2008 година и 4.940 денари за учебната 2008/2009 во фискалната 2008 година;
- стипендисти, согласно ЦЕПУС програма, се опфатени во процесот на стипендирање и сместување со по 50 евра месечно во денарска противредност за стипендирање во учебната 2007/2008 година и 55 евра месечно во денарска противредност за стипендирање во учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година и за сместување и исхрана до крајот на 2008 година;
- стипендисти, студенти со македонско потекло од земјите на балканскиот полуостров по 3.000 денари за учебната 2007/2008 година и 3.300 денари за стипендија за учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година и за сместување и исхрана до крајот на 2008 година;

Согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ ("Службен весник на Република Македонија" бр.02/02; 17/03) опфатени се и студенти - деца на бранителите, кои примаат стипендија по 3.300 денари во учебната 2007/2008 година и 3.630 денари за учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година.

Во Потпрограма 6 А-Изградба на студентски домови се планира започнување на постапката за изградба на нов студентски дом во Скопје.

Во Потпрограма 6 Б-Реконструкција на студентски домови се планира целосна реконструкција на СД "Стив Наумов"- машка зграда.

Согласно планираните средства со Измените и дополнувањата на Буџет за 2008 година вкупните финансиски средства во раздел 16001-Министерство за образование и наука, Програма 6-Студентски стандард, Потпрограма 60-Студентски стандард, Потпрограма 6 А - Изградба на студентски домови и Потпрограма 6 Б -Реконструкција на студентски домови се следните:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | | Намена | Износ |
|---|---|---|---|---|
| Програма 6 | | | Вкупно: | 438.262.000 |
| Потрограма 60 | 425 | Договорни услуги | | 15.000.000 |
| Потрограма 60 | 426 | Други тековни расходи | | 1.500.000 |
| Потрограма 60 | 464 | Разни трансфери | Стипендии за подршка на студенти | 348.462.000 |
| Потрограма 60 | 464 | Разни трансфери | Плаќања за сместување и исхрана во студентски домови | |
| Потрограма 60 | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и сл. | Купување на опрема за СЦ вСкопјег Скопје- за вСтив Наумовг машка зграда | 6.000.000 |
| Потрограма 60 | 486 | Финансиски средства | Студентски кредити | 67.300.000 |
| Потпрограма 6А | 482 | | Нов студентски дом | 4.000.000 |
| | | | Започнување на постапка за изградба на нов студентски дом во Скопје | 4.000.000 |
| Потпрограма 6Б | 482 | | Реконструкција на студентски домови | 22.000.000 |
| | | Скопје | СЦ "Скопје" - Комплетна реконструкција на "Стив Наумов" - машка зграда | 22.000.000 |

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа програма, престанува да важи Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/08).

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3693/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**1858.**

Врз основа на член 7 од Законот за ученички стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/05) и член 40 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.160/07), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 25.07.2008 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО УЧЕНИЧКИОТ СТАНДАРД ЗА 2008 ГОДИНА

1. Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2008 година е изготвена врз основа на обезбедените средства со Буџетот за 2008 година, согласно Законот за ученички стандард, Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2006-2010 и Програмата за работа на единките корисници на средства - ученички домови.

Финансирањето на ученичките домови се врши согласно член 73 став 1 од Законот за ученички стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/05).

Во Република Македонија постојат 19 ученички домови, од кои во 15 финансирањето е од страна на Министерството за образование и наука, додека четири ученички дома (кои се наменети за ученици со посебни потреби, односно за ученици со оштетен вид, слух и говор и деца со пречки во развојот) се финансираат комбинирано преку Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

Сместувањето и исхраната на учениците во ученичките домови е организирано според Правилникот за работа на домовите и програмата за воспитно-образовната дејност.

Во 2008 година во ученичките домови во Република Македонија, сместување и исхрана користат 2.200 ученици. Цената, која што ја плаќа Министерството за образование и наука, месечно за еден ученик во учебната 2007/2008 година изнесува 4.080 денари, а во учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година изнесува 4.500 денари.

Во системот на стипендирање опфатени се:

- талентирани ученици од средното образование со месечна стипендија од 2.000 денари во учебната 2007/2008 година и 2.200 денари во учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година.
- стипендии за децата-ученици на бранителите, кои се доделуваат согласно Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ (Службен весник на Република Македонија" бр.02/02; 17/03) во износ од 2.000 денари во учебната 2007/2008 година и во износ од 2.200 денари во учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година.

- стипендии за одличните ученици-Роми и тоа во износ од 2.000 денари за учебната 2007/2008 година и 2.200 денари во учебната 2008/2009 година во фискалната 2008 година.

- стипендирање на деца со посебни потреби и деца без родители со одличен успех и тоа во износ од 2.000 денари за учебната 2007/2008 година и 2.200 денари за учебната 2008/2009 година за фискалната 2008 година.

- стипендии по други основи (согласно Одлука на Владата на Република Македонија, согласно Олука на Министер и др.).

Во Потпрограма 5А-Реконструкција на ученички домови, согласно планираните средства, се предвидуваат помали санациони зафати кај ученичките домови.

Согласно планираните средства со Измените и дополнувањата на Буџетот за 2008 година, вкупните финансиски средства од раздел 16001-Министерство за образование и наука, Програма 50-Ученички стандард и Потпрограма 5А-Реконструкција на ученички домови се следните:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | Опис | Намена | Износ |
|---|---|---|---|---|
| Програма 5 | | | Програма 5 Вкупно: | 131.700.000 |
| Потпрограма 50 | 464 | Разни трансфери | Стипендии за подршка на талентирани ученици | 125.000.000 |
| Потпрограма 50 | 464 | Разни трансфери | Плаќања за сместување и исхрана во ученички домови | |
| Потпрограма 50 | 483 | Купување на мебел, опрема, возила и др. | Купување на опрема за ученички домови | 3.500.000 |
| | | Битола | УЦ "Мирка Гинова" | 200.000 |
| | | Струга | УД "Браќа Миладиновци" | 100.000 |
| | | Велес | УД "Лазар Лазаревски" | 200.000 |
| | | Кавадарци | УД вКрсте П. Мисирков" | 100.000 |
| | | Кратово | УД "Митко Пенџуклиски" | 100.000 |
| | | Крива Паланка | УД "Боро Менков" | 80.000 |
| | | Македонски Брод | УД "Св. Наум Охридски" | 100.000 |
| | | Охрид | УД "Ванчо Питошески" | 200.000 |
| | | Свети Николе | УД "Кочо Рацин" | 400.000 |
| | | Струмица | УД "Димитар Влахов" | 200.000 |
| | | Скопје | УД "Д-р Панче Караѓозов" | 200.000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Скопје | ЦОР "Св. Наум Охридски" | 300.000 |
| | | Скопје | ЦОР "Партенија Зографски" | 300.000 |
| | | Скопје | ЗРО "Димитар Влахов" | 720.000 |
| | | Штип | ЦССНО "Искра" | 300.000 |
| **Потпрограма 5А** | 482 | | Други градежни објекти | **3.200.000** |
| | | Битола | УЦ "Мирка Гинова" | 270.000 |
| | | Велес | УД "Лазар Лазаревски" | 200.000 |
| | | Кавадарци | УД вКрсте П. Мисирков" | 100.000 |
| | | Кратово | УД "Митко Пенџуклиски" | 270.000 |
| | | Македонски Брод | УД "Св. Наум Охридски" | 100.000 |
| | | Охрид | УД "Ванчо Питошески" | 120.000 |
| | | Свети Николе | УД "Кочо Рацин" | 300.000 |
| | | Струмица | УД "Димитар Влахов" | 100.000 |
| | | Струга | УД "Браќа Миладиновци" | 150.000 |
| | | Скопје | УД "Д-р Панче Караѓозов" | 200.000 |
| | | Скопје | ЦОР "Св. Наум Охридски" | 250.000 |
| | | Скопје | ЦОР "Партенија Зографски" | 420.000 |
| | | Скопје | ЗРО "Димитар Влахов" | 300.000 |
| | | Штип | ЦССНО "Искра" | 420.000 |

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа програма, престанува да важи Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2008 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/08).

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-3695/1
25 јули 2008 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1859.**

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со точка 5 од Одлуката за доставување на податоци за извршените активности во платниот промет („Службен весник на РМ“ бр. 146/07), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

### У П А Т С Т В О
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УПАТСТВОТО ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ АКТИВНОСТИ ВО ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ

1. Во Упатството за доставување податоци за извршени активности во платниот промет („Службен весник на Република Македонија“ број 159/07) се вршат следните измени и дополнувања:

- Во глава I, точка 3, потточка 3.2 Платни инструменти, 3.2.1 Кредитни трансфери, во Образецот ПС-02, по редот „Преку РС или друг терминал ПП 50“ се додаваат нови редови за налогот за плаќање на придонеси од плата (Образец ПП 53):

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хартиени налози **ПП53** | | | | | | | |
| Преку РС или друг терминал **ПП53** | | | | | | | |
| Хартиени налози **ПП53** -расчленето | | | | | | | |
| Преку РС или друг терминал **ПП53** -расчленето | | | | | | | |

- Во глава I, точка 3, потточка 3.2 Платни инструменти, 3.2.1. Кредитни трансфери, во Образецот ПС-02, по табелата, кратенките на обрасците „ПП 31 и ПП 32“ се менуваат со кратенките „ПП 31, ПП 32 и ПП 53“.

- Во прилог 1 „Инструкции за доставување податоци за извршени активности во платниот промет по електронски пат“, во потточка 1.2 Платни инструменти, 1.2.1 Кредитни трансфери, во Образецот ПС-02, по редот „ПП 50-2 Преку ПЦ или друг терминал ПП 50“ се додаваат нови редови:

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПС02 | ПП 53-1 Хартиени налози ПП53 | | | | | | | | | | |
| ПС02 | ПП 53-2 Преку ПЦ или друг терминал ПП53 | | | | | | | | | | |
| ПС02 | ПП 53-3 Хартиени налози ПП53-расчленето | | | | | | | | | | |
| ПС02 | ПП 53-4 Преку ПЦ или друг терминал ПП53-расчленето | | | | | | | | | | |

2. Ова упатство влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“ и ќе се применува од 01.09.2008 година.

У. бр. 3
30 јули 2008 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**1860.**

Врз основа на член 9 и 27 од Законот за хартии од вредност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 16.07.2008 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПО ПАТ НА ПРИВАТНА ПОНУДА

1. На Акционерското друштво за осигурување ГРАВЕ Скопје се дава одобрение за издавање на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда - втора емисија на 186 обични акции во износ од 186.000 евра односно 11.376.764 денари по средниот курс на НБРМ на денот пред донесувањето на одлуката за втора емисија на акции.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр. 246-1/2008 од 03.06.2008 година за издавање втора емисија на хартии од вредност (акции).

3. Рокот за реализација на емисијата на акции од точка 1 на ова решение изнесува 15 календарски дена од конечноста на ова решение.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од 8 дена од реализацијата на емисијата да го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

5. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка е на ова решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност во рок од три работни дена од денот на уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар.

6. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на акциите во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност да достави доказ дека е извршен упис на акциите.

7. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

8. Ова решение ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-2500/3
16 јули 2008 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Марина Наќева Кавракова,** с.р.

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**1861.**

Врз основа на член 63 од Законот за данокот на добивка - пречитен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2006), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

### ДВИЖЕЊЕТО НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ЈУЛИ 2008 ГОДИНА

Движењето на цените на мало во Република Македонија во периодот јануари - јули 2008 година во однос на просечните цени на мало во 2007 година изнесува 6,6%.

Директор,
м-р **Благица Новковска,** с.р.




**П О Р А Ч К А БР. 97**

Со ова неотповикливо го порачувам изданието Спорот за името меѓу Грција и Македонија во __________ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

Порачател: ______________________________________________ Место: ______________________
ул. ____________________________ бр. ______________________, тел./факс __________________

Потпис на порачателот

Во __________, ________2008 година. (М.П.) ____________________

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008097